Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 31 октомври 2023 година, дава

**РЕШЕНИЕ**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност“ на Филозофски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност“ на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр. 08-507/6 од 8.8.2023 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, достави Барање бр. 03-323/9 од 16.8.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-1077/1 од 16.8.2023 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност“ на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-1077/2 од 17.8.2023 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 21.8.2023 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08 -1077/3 од 4.9.2023 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Безбедност“ на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10 и 168/10).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова Решение.

**Бр. 41-10996/5**
**31 октомври 2023 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

Подготвил: Даниела Давитковска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата